# Дневна хемеротека за *25.04.2016г.*

## МИА - *Одбележан Денот на планетата Земја*

ПОНЕДЕЛНИК, 25 АПРИЛ 2016, 09:33:41

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

АЖУРИРАЈ ГИ ТВОИТЕ ПОДАТОЦИ

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Одбележан Денот на планетата Земја

### Одбележан Денот на планетата Земја

Препорачај 1

петок, 22 април 2016 11:47




**Скопје, 22 април 2016 (МИА)** - Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници.

Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република Македонија, по засадувањето на дрвце во дворот на улилиштето истакна дека со денешната кампања за планетата земја се засадуваат дрвја за иднината. На целата планета, рече тој, ќе се засадат осум милиони дрва. Потенцира дека УНДП секогаш ќе дава поддршка за справување со климатските промени.

Фракасети потсети дека денеска 187 држави меѓу кои и Македонија ќе го потпишат договорот од Париз.

Теодора Грнчарова од Министерството за животна средина и просторно планирање порача дека само со заеднички акции е можно да се даде одговор на предизвиците како што се климатските промени. Секторот шумарство, рече таа, е најобработуван во сите национални извештаи.

- Тој е еден од секторите кој е апсорбер на стакленичките гасови, а од друга страна преку пожарите влијае врз емисиите на стакленички гасови, појасни Грнчарова и додаде дека со правилно насочување на овие два аспекта може да се адресираат климатските промени.

Во рамки на одбележување на Денот на планетата земја во дворот на училиштето учениците имаа еколошка ликовна изложба, предавање за климатските промени во Зелениот камион и интерактивна работилница за социјални иновации кои ги адресираат климатските промени.
**бк/паг/11:47**

## Утрински - [Дрвјата се спас за планетата]

Утрински весник

### ДРВЈАТА СЕ СПАС ЗА ПЛАНЕТАТА



**Во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, 160 земји од светот го потпишаа Парискиот договор за климатски промени**

**Сања Наумовска**

Дрвјата се нашето главно оружје и сојузник во борбата со климатските промени и факторот од кој ќе зависи спасот на планетата Земја. Дрвјата се во фокусот и на годинешното одбележување на 22 април, Светскиот ден на планетата Земја. Целта е да се мобилизираат акции насекаде низ светот за засадување на приближно осум милијарди дрвја до 2020 година, по едно за секој маж, жена и дете. Со активното засадување дрвја се придонесува за митигација на климатските промени и на загадувањето на воздухот, заштита на биодиверзитетот и поддршка на нашите заедници и нивната благосостојба.

Денот на планетата Земја денеска помина и во знак на потпишувањето на новиот договор за климатски промени од страна на светските лидери кои се сретнаа во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, четири месеци по Конференцијата за климатски промени што се одржа во Париз.

„Ова е историски момент за акција за климатските промени", посочија во ОН. Повеќе од 160 земји, вклучувајќи ја и Канада, се очекуваше денеска да стават потпис на договорот од Париз.

Македонија е меѓу 187-те држави потписнички на Парискиот договор, кој е прв чекор со кој се обврзаа државите да ги намалат емисиите на стакленичките гасови, со што ќе се обезбеди одржливост на Земјата.

Во договорот се истакнува улогата на шумите како клучни сојузници во борбата против климатските промени во исполнувањето на долгорочната цел за враќање на светската еколошка рамнотежа до втората половина на овој век. Тие имаат широк спектар на клучни функции во рамките на еко-системот, апсорбираат јаглерод диоксид, го прочистуваат и разладуваат воздухот, дејствуваат како природни водени пумпи при одржување на водните текови, ја стабилизираат почвата, ги рециклираат хранливите материи за земјоделството и нудат поддршка на живеалиштата на дивиот свет.

Денот на планетата, под мотото „Дрвја за планетата" во организација на Министерството за животна средина, УНДП, УСАИД, Амбасадата на Шведска, „Милиеуконтакт Македонија" и ФИНКИ, се одбележа и во нашата земја со засадување садници на повеќе локации.

Алесандро Фракасети од УНДП истакна дека започнува кампањата за засадување дрвја за иднината, а УНДП секогаш ќе дава поддршка за справување со климатските промени. Теодора Грнчаровска-Обрадовиќ од Министерството за животна средина порача дека само со заеднички акции е можно да се даде одговор на предизвиците како што се климатските промени. Секторот шумарство, рече таа, е најобработуван во сите национални извештаи.

„Тој е еден од секторите кој е апсорбер на стакленичките гасови, а од друга страна, преку пожарите влијае врз емисиите на стакленички гасови", појасни Грнчаровска-Обрадовиќ и додаде дека со правилно насочување на овие два аспекта може да се адресираат климатските промени.

## Пулс24 - *Одбележан Светскиот ден на планетата Земја: Дрвјата се нашиот главен сојузник во борбата против климатските промени*

Puls 24

### Одбележан Светскиот ден на планетата Земја: Дрвјата се нашиот главен сојузник во борбата против климатските промени

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ СЛЕДНА ВЕСТ ›

**УНДП и УСАИД во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање, Амбасадата на Шведска, Милиеуконтакт Македонија и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство го одбележаа Светскиот Ден на Планетата Земја 2016 преку засадување на дрвја во дворот на основното училиште „Партениј Зографски" во Скопје.**



Настанот на засадувањето на дрвја е во склад со овогодинешната тема на Светскиот

Ден на Планетата Земја, чија цел е да мобилизира акции насекаде низ светот за засадување на приближно 8 милијарди дрвја до 2020 година – едно дрво за секој маж, жена и дете. Со глобална поддршка и ентузијазам, оваа цел можно е да се постигне дури и пред 2020 година.

Клучна порака на настанот беше дека со засадувањето на дрвја ќе придонесеме кон остварување на три главни цели: Митигација на климатските промени и загадувањето на воздухот, заштита на биодиверзитетот и поддршка на нашите заедници и нивната благосостојба.

Позеленување на училишниот двор, предавање за климатските промени во Зелениот камион, интерактивна работилница за социјални иновации кои ги адресираат климатските предизвици, како и еколошка ликовна изложба на учениците беа составен дел од овогодинешното одбележување на Светскиот Ден на Планетата Земја во Скопје. Овој настан беше уште една можност за УНДП, УСАИД и нивните партнери да го презентираат пред јавноста вториот Климатски предизвик промовиран минатата недела – Од Тебе Зависи -, чија цел е да ја поттикне креативноста на граѓаните да достават предлози за иновативни проекти насочени кон борба против климатските промени и зголемување на урбаната отпорност.

Промовиран минатата недела, овогодинешниот Климатски предизвик им нуди можност на успешните апликанти да учествуваат во креативни работилници и интерактивни дискусии кои ќе доведат до понатамошен развој на нивните идејни решенија.

Додека милиони луѓе низ целиот свет го одбележуваат Светскиот Ден на Планетата Земја, светските лидери се состануваат во Њујорк да го потпишат новиот Париски договор за климатски промени. Врската помеѓу Парискиот договор и дрвјата, се состои во тоа што шумите ќе бидат клучни сојузници во борбата против климатските промени во пресрет на долгорочната цел - враќање на светската еколошка рамнотежа до втората половина на овој век.

Дрвјата и шумите, исто така, се клучни при напорите да се остварат новите Цели за Одржлив Развој. Тоа е така поради фактот што дрвјата имаат широк спектар на клучни функции во рамките на еко-системот: апсорбираат јаглерод диоксид, го прочистуваат и разладуваат воздухот, делуваат како природни водени пумпи при одржувањето на водните текови, ја стабилизираат почвата, ги рециклираат дивиот свет - функции кои се само дел од богатиот спектар на придобивки кој ни го пружаат дрвјата.

## Тера - [Денеска се одбележува Денот на планетата Земја]

# Денеска се одбележува Денот на планетата Земја

Вести Актуел Арг 22, 2016 0 98



Во над 150 земји во светот, денеска се одбележува Денот на планетата Земја со цел зголемување на свеста на луѓето за загрозеноста на животната средина. Денот на Земјата е востановен во 1970 година во САД, а во целиот свет се одбележува од 1992 година кога на Конференцијата на ОН за животната средина во Рио де Жанеиро е формирана Програма за промоција на одржлив развој. Експертите предупредуваат дека човекот со своето дејствување доведе до драматично загадување на животната средина.



## Репортер - *Одбележан Денот на планетата Земја*

Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република ...

## Lider - *Одбележан Денот на планетата Земја*

Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република ...

## +инфо - *Светски ден на планетата Земја: Засадени дрвја во „Партениј Зографски“*

УНДП и УСАИД во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање, Амбасадата на Шведска, Милиеуконтакт Македонија и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство го одбележаа Светскиот Ден на Планетата Земја 2016 ...

## Сител - *Одбележан Денот на планетата Земја*

Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република .

## A1 On - *Одбележан Денот на планетата Земја*

Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република ...

## Нетпрес - *Одбележан Денот на планетата Земја*

Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска во основното училиште „Партениј Зографски“ во населбата Кисела Вода се одбележа Денот на планетата Земја со засадување садници. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Република ...

## Tetova Sot - U shënua Dita Botërore e Planetit Tokë 2016

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# U shënua Dita Botërore e Planetit Tokë 2016



in Maqedoni 22/04/2016

Përfaqësues të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, me rastin e shënimit të Ditës Botërore të Planetit Tokë 2016, që këtë vit realizohet me moton "Drunjë për Planetin Tokë", u kyçën në aktivitete e organizuara në shkollën fillore "Partenij Zografski" në Shkup, e cila është shkolla e parë energjetike në Maqedoni.

Në oborrin e kësaj shkolle, pas mbjelljes së fidaneve, u mbajtën tri ngjarje paralele: leksioni për ndryshimet klimatike në kamionin e Gjelbër, puntori interaktive për risit socilale të cilat i adresojnë sfidat klimatike dhe ekspozitë ekologjike e artit e nxënësve të "Partenij Zografski".

Aktivitetet për mbjelljen e fidaneve janë në përputhje me temën e këtij viti – Dita Botërore e Planetit Tokë – Drunjë për Planetin Tokë, që ka për qëllim të mobilizojë aksione në të gjithë botën për mbjelljen e rreth 8 miliardë fidaneve deri në vitin 2020- një pemë për secilin burë, grua dhe fëmijë.

Kjo ngjarje organizohet nga UNDP-ja dhe USAID-i, me mbështetje të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Ambasadës së Suedisë, Milieukontakt Maqedoni dhe Fakultetit të Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike




EMBASSY OF SWEDEN
USAID

# INSTITUTI I SHËNDETIT PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - Dita Botërore e Planetit Tokë, 22 Prill 2016

INSTITUTI I SHËNDETIT PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

## Dita Botërore e Planetit Tokë, 22 Prill 2016




Me rastin e Ditës Botërore të Planetit Tokë 2016, Institutin e shëndetit publik të Republikës së Maqedonisë e vizituan nxënësit e klasës së Ib të SHF "Rajko Zhinzifov" nga Draçeva, Shkup, me mësuesen e tyre Tatjana Tërpevska.

Nxënësit e vizituan laboratorin për siguri të ujit ku u njohën me një pjesë të analizave me ndihmën e të cilave përcaktohet cilësia dhe siguria e ujit për pije. Meqë shprehën dëshirë dhe interes, me ndihmën e Tek. Ing. Svetllana Toshevska ata realizuan një analizë dhe u mahnitën nga rezultatet e fituara nga aktiviteti i tyre i parë hulumtues. Ata ndoqën edhe një ligjëratë të shkurtër për rëndësinë e sigurisë së ujit dhe mediumeve të tjera në mjedisin jetësor në përgjithësi.





Në fund të vizitës, Instituti i shëndetit publik fitoi një dhuratë me vlerë të punuar nga duart e vyera të fëmijëve – vizatime në temë "Dita Botërore e Planetit Tokë 2016".

Dita Botërore e Planetit Tokë – 22 prilli për here të pare u shënua në vitin 1970 në SHBA, ndërsa nga viti 1992 shënohet si ditë botërore. Sot, këtë ditë e shënojnë 175 vende në botë, përfshirë këtu edhe Republika e Maqedonisë. Kjo ditë ka për qëllim ngritjen e vetëdijes dhe nivelit të njohurive për ruajtjen dhe promovimin e mjedisit jetësor, si dhe të theksojë pasojat nga ndotja e ujit, ajrit, tokës, si dhe nga shterimi i lëndëve të para energjetike në planetin tokë.



## Вечер - *Засадени зимзелени садници во Градскиот парк*



ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

# Засадени зимзелени садници во Градскиот парк

22 април 2016 - 14:27

Like Share 0 Tweet

**Со засадување шест зимзелени садници пред Школката во Градскиот парк Градот Скопје и Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Гоу Грин" го одбележаа 22 Април – Денот на планетата Земја.**



На просторот околу Школката беа поставени три штанда, а волонтери-ученици од средните училишта на Град Скопје на минувачите им делеа картички со еколошки пораки и семиња од босилек и од пркос.



Одбележувањето на овој значаен датум од екопошкиот календар на светско ниво годинава се одвива под мотото „Дрвја за Земјата". Овој ден годинава, наведуваат од Град Скопје, е особено значаен поради тоа што во Њујорк светските лидери ќе го потпишат „Парискиот договор за клима" кој дава стратешка ориентација за намалување на емисиите на јаглероддиоксид и фокус кон обновливите извори на енергија.

## Kumanovo News - Најмладите го одбележаа Денот на планетата Земјата

KumanovoNews

### Најмладите го одбележаа Денот на планетата Земјата



Под мотото „Дрвја за планетата Земја“ денеска се одбележува Денот на планетата Земја. Целта е да се спроведат акции насекаде низ светот за засадување на приближно осум милијарда дрвја до 2020 година.

Со различни активности, Денот на планетата Земја беше одбележан во Куманово.Најмладите од градинката „Бубамара“ садеа цвеќе,го уредуваа дворот и занималните,цртаа на платно и изработуваа еко кукли од рециклиран материјал.

> *„Секој во својата група има различни активности, се црташе на платно, се изработуваше од рециклиран материјал еколошки кукли,со цел уште од најмала возраст да се подигне свеста за зачувувањето на животната средина“-изјави,Татјана Стојановска, воспитувач во градинката.*

Во објектот „Бубамара“ функциоионираат билингвални групи,кои денеска заедно учеа за Денот на планетата Земја.Воспитувачите, се задоволни од знаењето на децата, за важноста од зачувување на планетата и знањето кое најмногу го стекуваат преку песнички.

Денешниот ден се одбележува во Македонија со повеќе акции..Денот на планетата земја за првпат е одбележан уште во 1969 година во Сан Франциско.

## OhridNews - Младите и возрасните со заеднички пораки за Денот на планетата земја

OHRIDNEWS.com
информирај се

### Младите и возрасните со заеднички пораки за Денот на планетата земја

Вести | Охрид | 22.04.2016 15:28 Посети : 498

Во соработка со ЈП Охридски Комуналец, по повод Денот на планетата земја, на просторот пред седиштето на Црвениот крст, денес, децата што ја следат Бреинобреин програмата, заедно со возрасните волонтери од Програмата за грижа за стари лица садеа садници кои ја симболизираат поврзаноста на генерациите преку екологијата и хуманоста.







Истовремено, најмладите волонтери на Црвен крст своите размислувања и пораки за заштита и зачувување на здрава животна средина ги изразија со цртање на плочникот пред Црвен крст.



По повод Денот на планетата земја, денес, се одржаа активности и пред канцеларијата на Здружението на жени „Бисера“ каде беа засадени повеќе цвеќиња со кои се оплемени просторот пред објектот.

# Вест - Само 8 пречистителни станици во цела Македонија

ВЕСТ www.vest.mk

ПОЛОВИНА ОД ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ СЕ ЗАГАДЕНИ

## САМО 8 ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ВО ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА

Само во осум општини во земјава, од вкупно 84, има пречистителни станици за отпадни води. Покрај нив, како што информираат од Министерството за животна средина и просторно планирање, во уште седум други во тек е изградба на вакви системи. Здравствените власти со години предупредуваат дека скоро 50 отсто од површинските води се загадени, а главното загадување на реките доаѓа од непречистени комунални отпадни води, односно загадување од фекално потекло.



Берово

Студијата за национални тарифи за води, која беше изработена со финансиска помош од Европската Унија, предвидува од јануари 2018 година да се воведе такса за загадување на водата во оние населени места во кои нема пречистителни станици за отпадни води. Оваа такса, според податоците од студијата, треба да изнесува 14 денари од кубен метар потрошена вода.

Од Министерството за животна средина и просторно планирање објаснуваат дека во оние општини и населени места каде што веќе се изградени или во тек е изградба на пречистителни станици, жителите ќе плаќаат за одржување на станиците. Во оние населени места каде што нема системи за третман на отпадните води, мора да се воведе такса по

системот загадувачот плаќа, со тоа што оваа такса треба да биде повисока од цената која би ја плаќале жителите за одржување на пречистителната станица, доколку ја има.

"Според законските одредби, единиците на локална самоуправа се должни да обезбедат проширување на канализационите системи, празнење на септичките јами, да обезбедат систем за собирање, одведување и третирање и за соодветно пречистување на отпадните води за секое населено место со повеќе од 2 000 жители . За голем дел од општините, тоа е голема финансиска обврска", велат од Министерството за животна средина.
Пречистителни станици за третман на отпадни води има во Берово, Дојран, Кривогаштани, во Куманово, Македонски Брод, Ресен и во струшкото село Враниште, а во тек е изградба пречистителни станици во Гевгелија, Прилеп, Кочани, во Чешиново-Облешево, Карбинци, Ѓорче Петров и во Сарај.

"Пречистителните станици во Берово и во Куманово се изградени со средства од Швајцарската влада, станиците во Македонски Брод и во Кривогаштани со финансиска помош од Владата на Австрија. Свети Николе доби донација од САД, онаа во Ресен е финансирана од КФВ банката од Германија. Во Враниште и во Дојран пречистителните станици се финансирани од државниот Буџет", велат од секторот за односи со јавност на Министерството за животна средина.


Гевгелија

Владата на Швајцарија ја финансира и изградбата на пречистителните станици во Кочани, Чешиново-Облешево и во Карбинци, во Прилеп се гради со пари од ИПА фондовите, а станицата во Гевгелија со заеднички средства од владите на Швајцарија, на Грција и од

државниот Буџет.

Пречистителната станица, пак, во Сарај се гради со пари од Државниот буџет, а станицата во скопската Општина Ѓорче Петров се гради со средства од државниот Буџет, од Владата на Словенија, Град Скопје и од Општината.

"Во Гевгелија и во Прилеп во тек се градежните активности, а во Кочани почнаа првичните работи на терен. Изградбата на пречистителните станици во Карбинци и во Чешиново-Облешево треба да заврши до крајот на овој месец. Пречистителната станица во скопската Општина Ѓорче Петров, која се гради во село Волково, со пробна работа треба да почне до крајот на месецот, бидејќи веќе е изграден објектот. Пречистителната станица во Сарај, која е лоцирана меѓу селата Глумово и Шишево е пред технички прием, па да почне со пробна работа", велат од Министерството за животна средина.

Еколошките власти објаснуваат дека очекуваат да бидат одобрени средства од ИПА програмата на Европската унија за изградба на пречистителни станици за отпадни води во Кичево, Радовиш и во Струмица, како и за надградба на пречистителната станица на отпадни води во Враниште, на која се приклучени Струга и Охрид.

"Во план е станица да се гради во Делчево со средства од швајцарската помош, но и овој проект не е почнат, како и проектите за Кичево, Радовиш и за Струмица, за кои очекуваме средства од ИПА програмата", велат од Министерството за животна средина.
Поголемите градови, како што се Скопје, Битола, Тетово, Велес со уште немаат пречистителни станици за третман на отпадните и фекалните води.

Екологистите велат дека пречистителни станици за овие градови се скапи, бидејќи имаат повеќе жители, и самите системи кои треба да се изградат и постават се поскапи. Според нив, тоа не е оправдување поголемите градови да останат без соодветен третман на отпадните води, бидејќи согласно постојните законски одредби, секое населено место со над 2 000 жители мора да има вакви системи, за да се намалат човечката негрижа и загадувањето на животната средина.



**Пречистителната станица за Скопје во најава веќе 20 години**

Изградбата на пречистителна станица за отпадни води за Скопје, кај Трубарево, се најавува веќе дваесетина години. Овој проект го најавуваше тогашниот скопски градоначалник Ристо Пенов, а во 2006 година Владата најави изградба на цел пречистителен систем за Скопје, со посебни станици во Сарај и во Волково, со изградба на каскади на реката Вардар и главен колектор во Трубарево.
Во 2007 година беше изработена физибилити студија, со финансиска помош од Јапонската меѓународна агенција за соработка.
Од Министерството за животна средина и просторно планирање објаснуваат дека од овој проект досега се изградени само пречистителните станици во Волково и во Сарај, кои наскоро треба да се пуштат во употреба.
"Изработен е проектот за изградба на каскади на река Вардар, а за негова реализација потребни се 12 милиони евра, кои треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. За пречистителната станица за отпадни води за Скопје, кај Трубарево, во тек е изработка на физибилити студија, согласно европските директиви. Изработката на оваа студија е со финансиска помош од Владата на Франција", велат од Министерството за животна средина.
Со студијата, како што објаснуваат еколошките власти, треба да се дефинира најдобриот пристап за финансирање, изградба и за работење и управување со станицата за третман на отпадни води, која ќе опслужува не помалку од 600 000 жители.
"Изградбата на пречистителна станица во Скопје е исклучително сложен и многу скап проект, кој опфаќа два сегмента. Едниот се однесува на реконструкција, раздвојување и на проширувањето на канализацијата, а другиот на изградбата на самата пречистителна станица во Трубарево. Лани се завршени основните проекти за изградба на главните фекални колектори на левата и на десната страна на реката Вардар и сифонот под реката Вардар од францускиот конзорциум САФЕГЕ. Проектите беа финансирани преку ИПА програмата. Во моментов е во завршна фаза процедурата за објавување на тендер за изградба на левиот и десниот колектор, што ќе се реализира преку средства од ИПА програмата", велат од Град Скопје.
Градските власти објаснуваат дека студијата треба да ја дефинира тендерската документација за изградба на пречистителната станица и да каже дали може да се изгради преку јавно-приватно партнерство. Физибилити студијата треба да се изработи до јули годинава.

**Првата станица е изградена за Охридското Езеро**

Во поранешна Југославија биле донесени законски одредби за заштита на трите природни езера во земјава, односно Охридското, Преспанското и Дојранското, и затоа првите пречистителни станици во земјава за третман на отпадни води се изградени за населените места околу езерата. Пречистителната станица во Враниште, во која се собираат отпадните води од Охрид, Струга, Трпејца, Пештани, Лагадин и од Враниште, градена е од 1985 до 1988 година, и има капацитет да преработи отпадни води од населени места со 120.000 жители. Еколошките власти очекуваат средства од ИПА фондовите на Европската Унија за да ја надградат оваа станица.
Пречистителната станица во Дојран е изградена во 1989 година, а лани Министерството за животна средина и просторно планирање н одобрило два милиона денари на Општина Дојран за да реконструира девет препумпни станици за одведување на отпадните води во пречистителната станица.



Враништа

**Главни загадувачи на реките се отпадните фекални води**

Анализите на Институтот за јавно здравје уште пред девет години покажаа дека во горниот тек сите наши реки припаѓаат на прва и втора категорија, односно тоа се води кои може да се користат за пиење и капење. По течението скоро сите реки според степенот на загаденост се од трета до петта категорија, а водите од трета категорија може да се користат за наводнување, а оние од четврта и петта не смее да се користат ниту за наводнување.
Според тогашните испитувања, повеќе од половината од реките се загадени, а главното загадување доаѓа од непречистени комунални отпадни води, односно загадување од фекално потекло.
Д-р Михаил Кочубовски, началник на одделението за безбедност на води во секторот за здравствена екологија при Институтот за јавно здравје, вели дека состојбата и сега не е многу променета, односно оти и натаму најзагадени се Вардар, Брегалница и Црна Река. Водите на Вардар во горниот дел се од прва втора категорија, а потоа до Велес и низводно од Велес е во четврта и петта категорија. На излезот кон Грција е трета категорија. Слична е состојбата и во Брегалница и во Црна Река.

## Утрински - Петтина од ѓубрето ни останува во природата

Утрински весник

### ПЕТТИНА ОД ЃУБРЕТО НИ ОСТАНУВА ВО ПРИРОДАТА



**Според Државниот завод за статистика, лани во осум региони биле собрани 620.328 тони комунален отпад, а биле создадени вкупно 786.182 тони**

**Сања Наумовска**

Една петтина од комуналниот отпад, кој се создава во домаќинствата и во деловните објекти воопшто не се собира и не се транспортира на депонија. Ѓубрето од домовите и од фирмите многу често и многу лесно завршува во природата, во реките, планините, а само мал дел се рециклира и компостира. Според податоците на Државниот завод за статистика минатата година во осум региони во нашата земја биле собрани 620.328 тони комунален отпад, од кои 99 проценти завршиле на депонија, а биле создадени вкупно 786.182 тони отпад. Повеќе од 160.000 тони, најчесто мешан комунален отпад, но и пластика, стакло, хартија, метал и гуми, се расфрлаат по нашата животна средина.

Ѓубре останува неподигнато од страна на јавните комунални претпријатија, потврдува и првиот човек на Здружението на даватели на комунални услуги Игор Спасовски, но тврди дека оваа бројка е превисока. Отпадот, според него, останува несобран само во планинските села, кои се потешко достапни за транспортните возила. Сите градови и поголемите рурални општини имаат организиран систем на подигнување на отпадот.

„Секое јавно претпријатие доставува годишен извештај за собраните количини, а додека пак вкупната бројка за создаден отпад е претпоставена, и според мене во реалноста е пониска. Комуналните претпријатија ќе прават големи трошоци ако треба да го транспортираат и овој отпад, а со цените кои се од 150 до 350 денари за домаќинство тој не можат да го покријат", вели Спасовски. Решението, според него е преминување во наплата според килограм создаден отпад, со што точно ќе се знае колку и каков отпад имаме, каде завршува и колку ќе треба да платат домаќинствата.

Според податоците кои ги објави Заводот за статистика, најдрастичен е примерот на Југозападниот регион, каде што повеќе од половина од отпадот кој се создава не се третира соодветно. Од над 94.000 тони, кои биле создадени во домаќинствата и фирмите, само 46.000 биле собрани од јавните комунални претпријатија. Во овој регион има голем број населени места, дури и една општина, во кои воопшто не се собира ѓубре.

Слично е и во Полошкиот регион каде од вкупно 150.000 тони само 117.000 отишле на депонија. Разлики има и во останатите шест региони, па и во Скопскиот, иако тука функционира единствената депонија во земјава, „Дрисла". Така, во Скопје и околината се создаваат околу 165.000 тони, а во депонија одат околу 150.000, што е околу 24 проценти од целиот отпад во земјава.

„Секој човек лани создал 380 килограми различно ѓубре. Од вкупното количество 499.658 тони, или 81 проценти се собрани од домаќинствата, а останатите 19 проценти е комерцијален отпад. Најмногу имало измешан комунален отпад, 533.721 тони или 86 проценти, а најмалку отпад од гума, 1.395 тони или 0,2 отсто", информираат од Статистика.

## Телма - Потпишан историскиот договор за климатските промени

Вести Спорт Промо серии и филмови Филмови Програма Кон

# Потпишан историскиот договор за климатските промени

Ми се допаѓа Сподели 2 Tweet G+1 0 Pin it 23 April, 2016 - 16:10



Рекоден број држави, дури 175 светски лидери и претставници на влади го потпишаа Договорот за климатските промени на свечена церемонија што се одржа во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.

**Учеството на толку многу држави и присуството на толку многу светски лидери, не остава простор за сомневање дека светот е предодреден за преземање климатски активности, изјави Бан Ки-Мун.**

Договорот чии текст во декември, во француската престолнина Парис, беше усвоен од речиси 200 земји, има за цел ублажување на последиците од климатските промени, како и одржување на растот на глобалните просечни температури под два степени целзиусови. Документот за климатските промени прв го потпиша францускиот претседател Франсоа Оланд.

**Франција ќе го зголеми годишното финасирање за климатските промени од 3 на 5 милијарди, почнувајќи од сега до 2020 година.**

Потписници се и Русија, САД и Кина, чии лидери сметаат дека потпишувањето на договорот претставува вистинска победа над штетните гасови кои што го предизвикуваат ефектот на стаклена градина.

**Итноста на овој предизвик станува се поизразен, затоа нашето денешно собирање всушност е историско, изјави Џон Кери-Државен секретар на САД.**

**Кина ќе преземе ефективни активности за намалување на гасовите на стаклена градина. Рокот за неколкукратно намалување на емисиите на јаглерод диоксид е до 2030, но ние тоа ќе го сториме порано, изјави Sанг Гаоли-премиер на Кина.**

Во Њујорк, до сите светски лидери се обрати и амбасадорот на мирот на Обединетите нации, актерот Леонардо Ди Каприо, кој рече дека нивните активности се последна шанса за светот.

**Вие сте најдобрата, последна надеж за земјата. Бараме да ја заштитите, а ние и сите живи суштества ќе ја славиме историјата, изјави Леонардо Ди Каприо.**

Документот препорачува развој на обновливи извори на енергија, а тоа ќе влијае и на економиите на земјите ширум светот и заштитата на шумите.

Земјите треба да ги намалат емисиите на штетни гасови кои што го создаваат ефектот на стаклена градина кој е еден од главните фактори глобалното затоплување, а ревизијата на емисијата на тие гасови ќе се спроведува на секои пет години.

**Анита Стојановска Буховски**

## МКД - *Рекорден број земји го потпишаа Парискиот договор за климата*

Во седиштето на ОН во Њујорк лидерите и претставниците од повеќе од 170 земји го потпишаа Парискиот договор за ограничување на порастот на глобалните температури и за забавување на климатските промени

## Вечер - *Рекорден број земји го потпишаа Парискиот договор за климата*

Во седиштето на ОН во Њујорк лидерите и претставниците од повеќе од 170 земји го потпишаа Парискиот договор за ограничување на порастот на глобалните температури и за забавување на климатските промени.

## Репортер - *Леонардо ди Каприо за климатските промени: Светот не набљудува, време е да делуваме!*

Вчера американскиот глумец и оскаровец Леонардо ди Каприо, во седиштето на Обединетите Нации во Њујорк каде се одржува церемонија за потпишување на доворот за климатските промени, изјави дека е време за делување против климатските промени.

## 24 Вести - *Рекордни 175 земји го потпишаа Парискиот договор за климата*

Рекордни 175 земји го потпишаа Парискиот договор за климата. Петнаесет од потпишаните земји, повеќето од кои се мали островски држави, веќе го ратификуваа договорот, кој има за цел да ги забави климатските промени.

## Репортер - *Рекорден број на земји го потпишаа Парискиот договор за климатски промени*

Во седиштето на Обединети нации во Њујорк, лидерите и претставниците на 175 земји го потпишаа Парискиот договор за ограничување на растот на глобалните температури. Парискиот договор беше усвоен во декември 2015 година и е прв чекор кон обврзување ...